# РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да се оценат состојбите, условите и другите аспекти кои имаат влијание на имплементација на набавената медицинска опрема, односно да се констатираат ризиците и утврдат можностите за успешна и целосна реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Македонија.
Од прелиминарните истражувања кои претходно ги извршивме како и констатираните ризични подрачја во областа, поставивме неколку суштински цели во ревизијата на успешност од кои произлезе потребата да спроведеме ревизија на успешност со наслов:

**“Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на ЈЗУ, влијание врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните“**

Областите кои ги утврдивме со прелиминарните истражувања и кои и понатаму беа предмет на вршење на ревизијата на успешност во Министерството за здравство и дел во Јавните здравствени установи во Република Македонија беа насочени кон:

**1.Правна рамка, стратешки и други документи потребни за реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во РепубликаМакедонија;**

**2.Планирање и утврдување на приоритети, извори на финансирање, следење на реализација на доделените договори за набавка на медицинска опрема, водење и ажурирање на евиденцијата на набавената опрема;**

**3.Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начин и услови на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок;**

**4.Обезбедување: просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата, стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните.**

**1.Правна рамка, стратешки и други документи потребни за реализација на Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во РепубликаМакедонија;**

Во областа која се однесува на правната рамка и стратешките документи се насочивме на прашања поврзани со мерките кои Владата на Република Македонија и Министерството за здравство ги презеле за подобрување на квалитетот на здравствените услуги и целокупната здравствена состојба на населението во Република Македонија, утврдени во програмски активности како стратешки приоритети за периодот од 2008 -2012 година и за 2011-2015 година.

Владата на Република Македонија, како основач на јавните здравствени установи, почнувајќи од 2008 година спроведува процес на реформи во здравствениот сектор со цел да го зајакне системот на давање на навремена, ефикасна и квалитетна здравствена заштита. Стратегијата на овие реформи е насочена кон решавање на неефикасност и низок квалитет на услуги, несоодветна организација и стари и дотраени дијагностички апарати.

Во наведениот период надлежните институции донеле различни документи во кои се содржани потребни информации со предлог мерки за видот и финансиските средства за набавка на нова медицинска опрема и други услови потребни за поставување и функционирање на истата.

Во насока на реализација на реформските цели, Министерството за здравство кое согласно Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување и други закони ги врши работите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување на населението, во 2007 година, преку информации детално ја информирало Владата на РМ за постојната состојба на медицинските апарати во јавните здравствени установи со предлог мерки за нивно надминување.
Во Информацијата за потребата од набавка на нова медицинска опрема[1] презентирани се податоци за дотраеноста на постојните медицински апарати, за степенот на амортизација на истите која се движи од 80-90%, подложноста на чести дефекти, тешкотии за правилно дијагностицирање или изведување медицински интервенции. Од друга страна, поради отсуство на инвестиционен фонд за перманентно инвестирање во делот на обнова и замена на стара и амортизирана медицинска опрема, ЈЗУ го губат чекорот за примена на нови современи методи за дијагностицирање и лекување, а непотребно се трошат средства за хоспитализација и боледувања. За надминување на овие состојби, предложено е набавка на нова софистицирана опрема, со предлог за видот на опремата и износ на потребни финансиски средства. За набавка на нова софистицирана опрема, согласно Информацијата[2], средствата се обезбедуваат со Буџетот на РМ за соодветниот период/година.

Презентираните податоци и состојби во наведените информации се содржани и во Програмата на Министерството за здравство[3].

Со Програмата за работа на Владата за период 2011-2015 година[4], Владата го продолжува проектот за набавка и ставање во употреба на најсовремена медицинска опрема и во истата децидно се наведени активностите за овој период:

[1] Информација за потребата од набавка на нова медицинска опрема од 15.06.2007 година
[2] Информацијата за Стратешките приоритети на МЗ бр. 12239/1 од 21.08.2007 година
[3] Програма на Министерството за здравство за потреба од набавка на нова медицинска опрема во ЈЗУ во Република Македонија
[4] http://vlada.mk/node/100

- Инсталирање на опрема и едукација на кадри во три клинички болници кои имаат апарати за компјутеризирана томографија, магнетна резонанса, литотрипор, ангиограф, коскен дензитометар, кардиолошки ехо апарати, гинеколошки 4Д ехо апарати, инкубатори и друга медицинска опрема;
- Поставување на апарати за компјутеризирана томографија во шест општи болници;
- Набавка и инсталирање на најсовремената опрема и едукација на кадри во сите општи болници, каде има по еден кардиолошки ултразвучен апарат, гинеколошки 4Д ултразвучен апарат и радиолошки ултразвучен апарат, заедно со апарати за анестезија, централен и поединечен мониторинг, машини за механичка вентилација ендоскопски кабинет и хируршки инструментариум;
- Комплетното опремување кое опфаќа повеќе дијагностички, операциони и интервентни апарати во Градска болница „8ми Септември„ во Скопје;
- Набавка и инсталирање на најсовремената опрема (магнетна резонанса, компјутерски томограф, ангиографи, рентген апарати и др.) и едукација на кадри во пет-те Универзитетските клиники за: радиологија, кардиологија, за хируршки болести "Св. Наум Охридски" - Скопје, детски болести, Радиотерапија и Онкологија, како и во: Болницата за Кардиоваскуларни заболувања во Охрид и општите болници во: Охрид, Гостивар, Велес, Прилеп, Куманово, Струмица, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Дебар, Струга и Кичево.

Средствата за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ, секоја година се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и се утврдени во програма 1Б-Набавка на нова медицинска опрема.

Според податоците презентирани на ревизијата, за нова медицинска опрема набавена во периодот 2010-2014 година, планирани се 6.034.058 илјади денари, од кои реализирани се 5.174.800 илјади денари.

Министерството за здравство, во согласност со приоритетите утврдени во Програмата на Владата изготвува Стратешки планови во кои се содржани планирани програми и активности за остварување на целите во наредните три години. На ревизијата и се презентирани повеќе документи со кои се дефинирани среднорочните приоритети и развојни активности за унапредувањето на состојбата во здравствената дејност. Во наведените документи кои го опфаќаат периодот 2008-2010, 2008-2011, 2009-2011, 2010-2012, 2011-2013 година е содржана и Програмата за модернизација и унапредување на здравствениот сектор која има за цел-подобрување на условите за работа во ЈЗУ и зголемување на ефикасноста во нивното работење, во која меѓу другото е утврдено и набавка на нова медицинска опрема.

За реализација на наведените политики и цели, Министерството изготвува Информации, планови, извештаи и друга документација со кои тековно ја информира Владата за текот на реализација на планираните набавки, потребите за нова набавка, за состојбите и проблемите со набавената опрема и за други состојби.

**2.Планирање и утврдување на приоритети, извори на финансирање, следење на реализација на доделените договори за набавка на медицинска опрема, водење и ажурирање на евиденцијата на набавената опрема**

Кај оваа ризична област констатиравме непотполна кадровската екипираност на секторите кои се надлежни за извршување на активностите за: планирање на потребите за медицинска опрема; утврдување на приоритетите за набавка на медицинска опрема по јавни здравствени установи; следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавена опрема, што може да има влијание од повеќе аспекти за навремено, целосно и квалитетно извршување на дефинираните активности.

Согласно правилниците за организација и ситематизација на работните места на Министерството за здравство[5] и според разговорите со одговорни лица од Министерството за здравство овие активности ги извршуваат неколку лица од Секторот за менаџирање на кризи во здравствениот сектор и Секторот за финансиски прашања во координација со определени државни советници.

Со увид во наведените правилници, констатиравме дека овие сектори не се пополнети со соодветен број на извршители и тоа:

- Секторот за менаџирање на кризи во здравствениот сектор и донации е пополнет со 4 извршители од систематизирани 23, кој со измените и дополнувања на актите[6] во јули 2014 година е трансформиран во Сектор за медицинска опрема со систематизирани 15 извршители. Во рамките на секторот формирано е посебно одделение за утврдување на потреби, планирање, водење евиденција и следење на состојбата со медицинската опрема во здравствените установи, определување приоритети за набавка, кое е систематизирано со 6 извршители, кое не е пополнето и активностите во целиот сектор се извршуват со постојните 4 извршители.
- Секторот за финансиски прашања е пополнет со 5 извршители од систематизирани 33. Во рамките на секторот формирано е посебно одделение за координација на јавните набавки со систематизирани 6 извршители во чиј опис и попис се дефинирани повеќе активности меѓу кои и: следење на реализација на договорите за јавни набавки, координација, изготвување и следење на реализација на порачките согласно склучените договори за јавни набавки, планирање на динамиката на извршување на тендерите согласно Буџетот на министерството, идентифиикување и дефинирање на потребите од јавни набавки, спроведување на постапките за јавни набавки. Ова одделение пополнето е со еден извршител, во чиј опис не се наведени овие активности.

Овие состојби ги потврдивме и од спроведените разговори со одговорните лица во Министерството и доставените прегледи[7] за пополнети работни места.

---

[5] Извор на податоци: Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за здравство бр. 07-84441/1 од 14.10.2010, и измени и дополнувања бр.07-9956/1 од 30.11.2010. бр.04-2565/1 од 23.02.2011, бр.04-3842/1 од 25.03.2011, бр.07-7267/1 од 11.09.2012, 07-3753/1 од 16.05.2013 година.

[6] Извор на податоци: Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за здравство бр. 07-6866/1 од 21.07.2014 година.

[7] Табела со име и презиме по Преглед на систематизирани и пополнети работни места во Е- форма, со состојба 22.04.2014 година.

За надминување на констатираната состојба во делот на кадровската екипираност на ревизијата и е презентирано Барање за објавување на јавен оглас за вработување на државни службеници во текот на месец октомври 2014 година и ранг листа по објавениот јавен оглс, од кој може да се констатира дека постапката за вработување на одреден број на државни службеници е во тек.

Од презентираната документација и добиените одговори на прашалниците од страна на ЈЗУ, добивме сознанија дека дефинирањето на потребите за видот и количините на медицинска опрема за јавните здравствени установи, Министерството за здравство ги прави врз основа на анализа на добиените податоци по доставени писмени барања[8] во кои ЈЗУ ги искажуваат видот, количината и приоритетите на потребна медицинска опрема и согласно дефинираните стратешки определби на Министерството и Владата на РМ.
Врз основа на извршените согледувања и согласно утврдените приоритети за потреби од нова медицинска опрема, Министерството презема активности за нивна реализација преку спроведување соодветни постапки за доделување на договори за јавна набавка, планирани во соодветни Годишни планови за јавна набавка[9] и по претходна согласност од Министерството за финансии и одобрение од Владата на РМ за обезбедени средства за повеќегодишна набавка.

Од аспект на водење евиденција и следење на состојбата со медицинската опрема во јавните здравствени установи, од документацијата која ни беше презентирана, не се уверивме дека континуирано се следат и ажурираат состојбите со набавената медицинска опрема, со оглед дека нема централна евиденција, а прегледите кои ни беа доставени содржат податоци само за склучените договори, односно за видот на опремата[10] и вредноста на истата, а нема податоци за склучените договори од аспект на испорачана опрема.
Во насока на обезбедување посеопфатна евиденција, од министерството бевме информирани дека во декември 2014 година се предложени законски измени со кои меѓу другото се предвидува законска обврска за водење евиденција на медицинската опрема од страна на ЈЗУ за опремата со која располагаат, преземање на мерки и активности за ставање во функција и користење на медицинската опрема, одржување во исправна состојба, нејзино сервисирање итн.

Од страна на Министерството подготвена е и „Информацијата за целосно набавена и инсталирана опрема и донирана опрема во ЈЗУ за период од 2006-2014 година, искористеност на капацитетот на истата и пројавени проблеми во функционирање на истата„ која Министерството ја подготвило и доставило до Владата на Република Македонија на 21.08.2014 година“.

[8] Барање за набавка на најнеопходна медицинска опрема бр.03-313/2 од 05.02.2013 год.
[9] Извор на податоци: Годишни планови за јавни набавки на Министерството за 2012, 2013 и 2014 година
[10] Прегледи за набавена медиоцинска опрема за 2010-2012

За подготовка на Информацијата, Министерството[11] ги задолжило сите ЈЗУ да доставаат податоци за медицинската опрема (вид на апаратот, основ за стекнување, производител, марка на апаратот, година на стекнување, моментална сметководствена вредност и негова искористеност). На основа на доставените податоци Министерството направило анализи и изготвени се Листи на медицинска опрема за секоја ЈЗУ (податоци за вкупна медицинска, опрема која е во функција и која не е во функција).
Владата на РМ на ден 13.09.2014 година ја усвоила Информацијата и воедно го задолжила Министерството за :

- Следење на состојбата на медицинската опрема од аспект на функционалност, искористеност на капацитетот на истата и два пати годишно да ја информира Владата на РМ и
- Да се направи целосен попис и физички увид на медицинската апаратура во секоја ЈЗУ, а потоа да се направи регистар на истата.

Согласно заклучоците, Министерството во месец октомври 2014 година задолжува лица од редот на вработените да направат увид и попис на медицинската опрема во ЈЗУ за потребите за изготвување регистар на медицинските апарати во сите ЈЗУ, со рок на извршување 10.11.2014 година[12].

Состојбите на недоволна кадровска пополнетост, особено во одделенијата кои се надлежни за извршување на горенаведените активности во двата Сектора, упатуваат на потешкотии и можни слабости во планирање на потребите за медицинска опрема, приоритетите за набавка на медицинска опрема по ЈЗУ, следење на реализација на договорите за јавни набавки, тековно водење и следење на евиденцијата на набавената опрема.
Законскиот застапник на министерството на ден 11.03.2015 година достави известување за преземените мерки по дадените препораки од овластениот државен ревизор, со кое не известува дека за надминување на дел од претходно наведените состојби во тек се вработување на еден државен советник за медицинска опрема и јавни набавки и еден соработник во Секторот за медицинска опрема. Во исто време во „Службен весник на Република Македонија" број 10/2015, објавен е Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита во кој меѓу другото се уредува и евиденцијата, користењето на евиденцијата на медицинската опрема и обврските на директорот и здравствените работници во однос на медицинската опрема.

Воедно министерот за здравство постапувајќи согласно одредбите на член 92-а став 5 од Законот за здравствена заштита донесува Правилник за начинот на водење на евиденција на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 43/2015 година од 18 март 2015 година, со кој во иднина ќе се обезбеди воедначен пристап од страна на инволвираните субјекти.

[11] Извор на податоци: Укажување од 11.06.2014 година.
[12] Извор на податоци: Писмена наредба бр.07-9699/1 од 09.10.2014 година.

**3. Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начин и услови на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок**

3.1.Кај оваа ризична област се насочивме на имплементација на одредбите за начинот и условите за прием на медицинската опрема кои (генерално) се дефинирани во одредбите на доделените договори за набавка на медицинска опрема, склучени меѓу Министерството за здравство и носителот на набавката.
Констатиравме одредени слабости при приемот на опремата со оглед дека при приемот податоците не се наведени во унифициран Записник, туку во документи во кои се наведени различни податоци, што упатува на можност да се прими опрема со техничките карактеристики кои не се согласно техничката спецификација и склучените договори за јавна набавка.

За потребите на повеќе јавни здравствени установи во Република Македонија (три клинички болници, три општи болници, три универзитетски клиники и еден завод) по спроведени постапки за јавни набавки и склучени договори во 2010, 2011 и 2012 година набавени е различна современа медицинска опрема: магнетни резонанси, комјутерски томографи, ангиографи, линерани акцелератори и друга медицинска опрема.
Во одредбите на овие договори е предвидено дека примопредавањето на опремата ќе се спроведе од страна на овластена комисија од Министерството за здравство и претставници од носителот на набавката, по претходно обезбедени просторни и функционални услови за инсталација и местење на опремата за која тие се неопходни а треба да бидат обезбедени од Министерството во согласност со видот и техничките карактеристики на опремата. По примопредавањето на опремата (или било кој дел од опрема), Министерството како набавувач ќе потпише записник (потврда) за прием на опремата, кој треба да биде составен дел на договорот во форма на Прилог бр. 4 или Прилог 3[13].
Имајќи ја предвид важноста на овие одредеби од аспект на обезбедување потврда дека се прима опрема во согласност со видот и техничките карактеристики на опремата, изршивме согледувања на начинот на приемот преку презентираната документација од страна на Министерството за здравство и јавните здравствени установи и од спроведените разговори со одговорни лица, од причини што со увид во договорите констатиравме дека Прилог бр. 4/Прилог 3 не е составен дел на истите.
Од страна на Министерството презентирани се повеќе Решенија за формирање комисии од 2011 година за прием на нова медицинска опрема, составени од 2 до 3 или повеќе членови во зависност од видот на опремата која се прима (доктори од соодветните ЈЗУ за кого е наменета опремата и еден вработен од МЗ). Во решенијата е посочен рокот во кој Комисиите биле задолжени да достават записник од извршен прием на опремата наведена во решението и истиот да се достави во Секторот за менаџирање со кризи во здравствениот сектор и донации.

[13] Извор на податоци: Договори бр.24-579/186 бр.24-579/187 од 22.02.2010; бр.24-579/189 од 22.02.2010, бр.24-11203/25 од 03.06.2011, бр.24-5348/15 од 21.12.2012, бр.24-4412/108 од 03.06.2011, бр.24-4412/109 од 03.06.2011, бр.24-1566/23 од 21.12.2012 год

Во записниците кои ни беа презентирани за прием на дел од медицинска опрема опфатена со постапката за доделување на договор за јавна набавка од 2009 година кои не се предмет на оваа ревизија, наведено е дека е вршен квалитативен прием на опремата, датумот на прием, видот на апаратот што се прима и дека истиот е пуштен во употреба, податоци за моделот, серискиот број, каталошки број и друго, а во некои записници е наведено дека испорачаната опрема е во согласност со наведените параметри во понудените карактеристики во спецификацијата.
За опремата која е предмет на оваа ревизија не се презентирани Решенија за формирање комисии за прием на истата, кои би изработиле записници за квалитативен прием на опремата. Презентирани се документи кои се различно насловени (Протоколи за прием и монтажа на опремата, Потврди за прием на опрема и други ).

Министерството нема пишани процедури за начинот на прием и испорака на новата медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи со која ќе се регулираат начинот и постапката за прием на опремата.

Со увид во документацијата обезбедена од Министерството за здравство, спроведените интервјуа со лицата одговорни за прием и други одговорни лица како и обезбедената документација од ЈЗУ каде ги вршевме истражувањата за опремата предмет на оваа ревизија, констатиравме дека приемот на опремата во ЈЗУ се врши со потпишување на Протокол или Записник/Извештај за прием и ставање во употреба на опремата потпишан од еден претставник на Министерство за здравство и претставник од ЈЗУ од една страна и двајца претставници од испорачателот на опремата. Во овој документ се содржани податоци за бројот и датумот на договорот за набавка на соодветна медицинска опрема, видот на опремата, моделот, сериски број, датумот на монтажа и гарантниот рок на опремата во услови кога опремата е испорачана во рокот утврден со договорот и корисникот до кого е испорачана истата. Со протоколот се потврдува исполнувањето на испораката, монтажа и пуштање во работа, на соодветната локација и прифаќање на опремата која е наведена во него со опис на поважни каталошки и сериски броеви.

Имајќи ги предвид одредбите од договорот за испорака и прием на опремата во кои е утврдено дека овластена комисија од Министерството за здравство и овластени претставници од носителот на набавката ќе ја предадат опремата во согласност со видот и техничките карактеристики на опремата за што ќе потпише Записник за прием во форма на Прилог 4/Прилог 3, кој треба да е составен дел на договорите, во споредба со податоците наведени во Протоколите и записниците за прием, постојат ризици во делот на усогласеност на техничките карактеристики на примената опрема со наведените во техничката спецификација.

3.2. Кај оваа ризична област се насочивме и на имплементација на договорите од аспект на начинот и условите за плаќање. Констатиравме состојби на отстапување на плаќање на договорените рати и износи утврдени во дел од договорите, поради што во еден случај е

платена затезна камата, а во друг случај дел од опремата за која Министерството склучило договори за јавна набавка на нова медицинска опрема, не е целосно испорачана.

- За набавка на магнетни резонанси и компујтерски томографи, склучени се два договори во февруари 2010 година[14] по добиена согласност од Министерството за финансии[15] како дел од набавка на различна медицинска опрема, меѓу која и набавка на 6 шест магнетни резонанси и 12 компјутерски томографи за потребите на повеќе јавни здравствени установи. Вкупната вредност на договорите изнесува 52.712 илјади евра од кои вредноста на лотот за магнетна резонанса изнесува 11.407 илјади евра, а за компујтерските томографи 20.087 илјади евра. Со увид во сметководствената документација констатиравме дека кај овие договори поради отстапување на плаќањата од утврдената динамика на рати и износи на плаќање (утврдена во период од 2010 - ноември 2013 година) Министерството исплатило 98 илјади евра на име затезна камата.
- По претходна согласност од Министерството за финансии за отпочнување постапка за повеќе годишна набавка со динамика на реализација на средствата по години и одобрение од Владата на Република Македонија, во 2010 година спроведена е меѓународна ограничена постапка за јавна набавка на различна медицинска опрема за потребите на една општа болница (ГОБ 8ми септември). Согласноста за обезбедени средства е дадена за буџетските 2011, 2012, 2013 и 2014 година[16]. По спроведената постапка, во јуни 2011 година[17] склучени се два договори во вкупна вредност од 8.398 илјади евра во кои е утврдена динамиката и износите за плаќање на рати во периодот од 2011-2014 година.

  Со увид во сметководствената евиденција на Министерството за здравство[18], констатиравме дека има отстапување од утврдената динамика на плаќање на рати и од износите утврдени во двата договори, односно заклучно со март 2014 година исплатени се вкупно 3. 974 илјади евра (2.003 илјади евра од вкупно 3.329 илјади евра по првиот договор и 1.974 илјади евра од вкупно 5.069 илјади евра по вториот договор и покрај тоа што согласно одредбите од договорите последната рата требало да се исплати на 01.10.2014 година. Поради оваа состојба, дел од медицинската опрема дефинирана во 10 лота во вкупна вредност од 5.613 илјади евра не е испорачана (4 лота) и делумно е испорачана опрема од 5 лота иако договорениот рок за испорака по првиот договор е 12 месеци, а по вториот договор 6 месеци. За овие договори не е пресметана камата.

  Наведените состојби создаваат ризици од дополнително одлевање на средства на име камата за ненавремено подмирени обврски и/или намалување на степенот на реализација на утврдените цели.

[14] Извор на податоци: Договори бр. 24-579/186 и бр. 24-579/187 од 22.02. 2010.
[15] Извор на податоци: Согласност од МФ бр. 07-42971/1 од 17.12.2009.
[16] Извор на податоци: Согласност од Министерството за финансии бр. 07-4412/3 од 03.06.2010 година.
[17] Извор на податоци: Договори бр.24-4412/108 и бр.24-4412/109 од 03.06.2011 година.
[18] Изводи за промет и состојба на сметки.

**4.Обезбедување просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата; стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните**

Кај оваа ризична област, констатиравме состојби на отстапување од договорениот рок на испорака за дел од опремата опфатена со ревизијата, доцнење на ставање на опремата во употреба и по испорака на истата и можност од поминат гарантен рок пред нејзино пуштање во употреба. Овие состојби за дел од опремата се настанати поради ненавремено обезбедени просторни, функционални и други услови за инсталација и пуштање во употреба на набавените медицински апарати од страна на крајните корисници на опремата. Во исто време констатиравме дека за работа со дел од набавената опрема стручниот кадар е недоволен.

4.1. Со анализа на одредбите на склучените договори во период од 2010-2012 година и извршената посета на јавни здравствени установи опфатени со ревизијата, со кои во набавките е предвидена испорака на ангиографи во рок од 6 месеци, констатиравме различни состојби: еден ангиограф е испорачан со задоцнување од 14 месеци, еден со задоцнување од 24 месеци, еден е пуштен во употреба по неполни три години по неговата испорака и еден ангиограф иако е испорачан во договорениор рок од 4 месеци уште не е пуштен во употреба.

- За набавка на 5 ангиографи, во февруари 2010 година склучен е Договор[19] во вкупна вредност од 4.425 илјади евра. Согласно одредбите на договорот утврден рок за испорака на опремата е 6 месеци, со претходно обезбедени просторни и функционални услови за монтажа и инсталација обезбедени од Министерството. Од оваа опрема за КБ Тетово, на 01.01.2012 година испорачан е еден монополарен ангиографски систем со дигитален детектор за кардиолошки и интервентни процедури. Ангиографот е поставен во сала во нов дијагностички центар, финансиран од Министерството за здравство чија изградба траела повеќе од три и пол години, а согласно договорот за градба истата почнала во првата половина на 2011 година.

  Градежните активности во период од 2011-2014 година се реализирани согласно три Договори за градба: Договор за изведување на градежни и други работи на објект за дијагностички центар[20] склучен во април 2011 година, со предвиден рок на изведување на работите од 13 месеци сметано од денот кога надзорниот орган на МЗ во градежен дневник ќе констатира дека изведувачот е воведен во работа. Во февруари 2014 година, по постапка со преговарање без објавување на оглас склучен е Договор[21]за извршување на дополнителни работи кои не се вклучени во основниот договор поради непредвидени околности кои се нужни да се изведат и не можат да се одделат од основниот договор. Во април 2014 година, Министерството склучило нов Договор[22]за изведување на градежни и други работи за овој центар со рок на

[19] Извор на податоци: Договор бр.24-579/189 на 22.02.2010 година.

[20] Извор на податоци: Договор за градба бр.24-3485/13 од 21.04.2011 година.

[21]Извор на податоци: Договор бр. 23-11718/8.

[22] Извор на податоци: Договор бр. 23-389/1 од 09.04.2014 година.

извршување од 5 месеци од воведување на изведувачот во работа. Поради наведените состојби ангиографот е пуштен во употреба во ноември 2014 година. Покрај пролонгирање на градежните активности за обезбедување на просторни и функционални улови за монтажа и инсталација на ангиографот, истите се пролонгирани и поради изведување завршни активности за поставување посебно ладење за машинскиот дел на ангиографот што не било претходно обезбедено, (клима независна од централното ладење), набавка на потребен медицински материјал - имплатанти и довршување на едукацијата на стручниот кадар (доктори, рентген техничари и рендгенолози).

-По истиот договор за набавка на ангеографи, набавен е еден монополарен ангиографски систем со дигитален детектор за кардиолошки и интервентни процедури за Заводот за кардиоваскуларни заболувања во Охрид. Од извршената посета на установата и согласно спроведените разговори, ангеографот е примен на 15.08.2011 година. Според презентираната документација за припопредавање на опремата, истата комплетно е ставена во употреба на 14.10.2011 година, односно 14 месеци по утврдениот рок на испорака. Според дневникот за преглед на пациенти ангеографот почнал да се употребува на 27.10.2011 година. Во периодот септември – октомври 2011 година, со сопствени финансиски средства извршена е демонтажа на стариот ангиографски апарат и изведување на предмонтажни активности за инсталирање на новиот ангиограф.
- За јавна набавка на два ангиографа за УК за кардиологија Скопје и КБ Штип, во 2011 година склучен е Договор[23] во вкупна вредност од 1.876 илјади евра. Не е презентиран документ кога истиот е испорачан во КБ Штип. Од извршената посета на болницата и според дневникот на заведени пациенти, ангиогафот е пуштен во употреба две години од склучување на договорот, односно на 06.10.2013 година.
- По склучен Договор од декември 2012 година[24] за потребите на ОБ Струмица, набавен е еден ангиограф во вкупна вредност од 50.669 илјади денари. Според презентираниот документ ангиографот е испорачан, инсталиран и извршен е технички прием на истиот во јули 2013 година, по комплетно уредување и опремување на просторот и инфраструктурни зафати потребни за инсталација и ставање на ангиографот во функција кога и пробно е ставен во употреба.

[23] Извор на податоци: Договор бр.24-11203/25 од 23.06.2011 година
[24] Договор бр.5348/15 од 21.12.2012 година



Меѓутоа, ангиографот иако е испорачан во договорениот рок, истиот не се користи поради необезбеден стручен кадар (кардиолози), а пациентите за потребни интервенции се упатуваат во здравствените установи во Скопје. Од презентираната документација, констиравме дека од страна на болницата преземени се активности за специјализација на потребен кадар. Еден доктор по медицина од септември 2013 година е упатен на специјализација на УК за кардиологија во Скопје во траење од 72 месеци, еден доктор од 28.06.2013 година е на обука на оваа клиника од јуни 2013 година до кога ќе има потреба, две медицински сестри се на 6 месечна обука за интервентна кардиологија и еден редген техничар на 2 месечна обука на УК за кардиологија.

За создавање на услови за „вршење едукација и тренинг, практичен трениг во областа на интервентната кардиологија“ за Клиничка болница Битола и Штип, Општа болница Охрид и Струмица надлежното министерство склучува договор за ангажирање на надворешен експерт.

4.2. Согласно условите за испорака и прием на опремата утврдени во Договорите за набавка на магнетни резонанси и компјутерски томографи склучени во февруари 2010 година[25], рокот за испорака е 6 месеци од нивно стапување на сила, односно до 22.08.2010 година по претходно обезбедени просторни и функционални услови за монтажа и инсталација. Од презентираната документација и извршената посета на установите опфатени со ревизијата, констатиравме дека кај некои ЈЗУ опремата е ставена во употреба во втората половина на 2011 година, дел во 2012 година и дел во 2014 година и тоа:

- Во ГОБ 8 септември и КБ Битола опремата е испорачана и ставена во употреба по обезбедени просторни и други услови за работа во втората половина на 2011 година, односно со отстапување од договорениот рок на испорака од 10 - 13 месеци.
- Во КБ Тетово овие апарати биле испорачани во период од септември до ноември 2011 година и покрај тоа што не биле обезбедени просторни услови за ставање во употреба се до 03.03.2014 година кога градбата на новиот дијагностичкиот центар завршила и според Протокол за монтажа апаратите се пуштени во употреба со

[25] Извор на податоци: Договори бр:24-579/186 и бр.24-579/187 од 22.02.2010 година

задоцнување од 3 години и 7 месеци. Утврдениот гарантен рок од 12 месеци започнал да тече од момент на испораката на апаратите, поради што истиот бил истечен во моментот на ставање во употреба на опремата.

- Во УК за радиологија и УК за хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје, магнетните резонанси се ставени во употреба со отстапување од договорениот рок од 13 месеци, а во КБ Штип со задоцнување од 18 месеци. Во овие установи и во ОБ Струмица и Штип компјутерските томографи се ставени во употреба со задоцнување во однос на рокот на испорака од 8, 9, 18, 11 и 10 месеци.

4.3. За набавка на два линерни акцелератора за КБ Битола и КБ Штип, во декември 2012 склучен е Договор[26] во вкупна вредност од 3.249 илјади евра. Согласно одредбите во договорот, рокот на испорака на опремата е 14 месеци од денот на стапување во сила на овој договор, односно до 02.2014 година, по претходно обезбедени просторни и функционални барања за инсталација и местење на опремата обезбедени од Министерството во согласност со барањата на носителот на набавката. Опремата во двете болници од страна на носителот на набавката е испорачана во договорениот рок од 14 месеци, но истата поради недовршени градежни активности на бункерите за нивно поставување согласно роковите утврдени во договорите за градба, од 31.03.2014 година е ускладиштена во Скопје.

- Градежните активности за изградба на бункерот во КБ Битола е предвидено да почнат во февруари 2013 година согласно Договор за градба[27] во вредност 46.799 илјади денари со кој се предвидува изградбата да заврши во рок од 6 месеци по воведување на изведувачот во работа во рок од 15 дена од негово склучување и Анекс на Договорот[28] склучен на 25.08.2014 година со кој се предвидува изградбата да заврши до 01.11.2014 година.





- Градежните активности за изградба на бункерот за поставување на линеарниот акцелератор во КБ Штип е предвидено да почнат во септември 2013 година согласно

[26] Извор на податоци: Договор бр.24-1566/23 од 21.12.2012 година
[27] Извор на податоци: Договор за градба бр.23-955/5 од 15.02.2013 година
[28]Извор на податоци: Анекс на Договор за градба бр.23-6680/3 од 25.08.2014 година

Договор за градба[29] во вкупен износ од 52.970илјади денари, со рок на изведба од 4 месеци, по воведување на изведувачот во работа (8 дена од потпишување на договорот). Поради незавршени градежни работи во септември 2014 година склучен е Анекс на Договорот[30] со рок на завршување на работите до 01.11.2014 година.

Имајќи предвид дека договорот за набавка на оваа опрема е склучен во декември 2012 година, гаранцијата на опремата е 24 месеци и во договорот не е наведено од кога почнува да тече, во услови кога градежните работи на бункерите за поставување на акцелераторите уште не се завршени постои можност од истекување на гарантниот рок на овие медицинските апрати пред да бидат ставени во употреба. Согласно договорот, во овој рок носителот на набавката обезбедува бесплатни резервни делови и редовни сервисирања на опремата.

4.4. Имајќи предвид дека погоренаведената опрема преставува предизвик за дел од вработените во јавните здравствени установи која бара осознавање на нови техники и методи во медицината, нови знаења и искуства од персоналот кој ке ја користи како и доволен број на едуциран персонал, од презентираната документација и извршените интервјуа добивме сознанија дека има потреба од дополнителен стручен кадар (доктори) за работа со ангиографите во јавните здравствени установи каде е набавен овој апарат. За надминување на наведената состојба Министерството во оваа насока презело повеќе активности меѓу кои и:

- Согласно заклучок на Владата од 05.03.2013 година, Министерството на 28.05.2014 доставило „Информација со план за вработувањево здравствените установи кои поседуваат ангиограф со тоа што бројот на вработени лекари за секој ангиограф ќе изнесува најмалку 6 лекари по ангиограф“. Во информацијата се наведени центрите кои ја сочинуваат кардиолошката мрежа, набавените ангеографи во текот на 2013 година и кадарот за интервентна кардиологија (вработени доктори, во тек на вработување и планирани вработувања во 2014 година).
  Согласно податоците од информацијата вработени се 27 доктори, 3 вработувања се во тек и планирани се 14 нови вработувања. Во јуни 2014 година, Владата ја усвоила информацијата со заклучок Министерството за здравство во соработка со Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување да обезбеди согласности за 14 нови вработувања. Согласно наведениот заклучок, Министерството на 25.06.2014 година, доставило барање за согласност за вработување на доктори до Фондот за здравствено осигурување на Македонија и до Министерството за финансии. Не ни беа презентирани информации дали се реализирани вработувањата.

- Упатување на вработени на специјализација во клиниките во Република Македонија но во исто време и упатување на дел од вработените во клиники кои се со

[29] Договор бр.23-4859/13 од 09.09.2013 година
[30] Договор бр. 23-807/1 од 03.09.2014 година

меѓународно признато искуство со цел осознавање на нови методи и практики од медицината.

4.5. Претходно наведената медицинска опрема како и медицинската опрема која е новонабавена и преставува дел од целокупните активности на надлежните органи во Република Македонија за набавка на софистицирана медицинска опрема и создавање на услови за рамномерна дисперзија на истата на целокупната територија во Република Македонија, доближување на истата до местоположбата на населението, намалување на бројот на денови за опслужување и давање на навремени квалитетни дијагнози преставува придобивка за навремена интервентна и квалитетна здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија.

**Ревизорски заклучок**

И покрај присутните недоследности во имплементацијата на одредени активности на „Проектот за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Македонија“кој се реализира од 2008 година и е предвиден во повеќе програмски документи, ценејќи ги сите досегашните активности и мерки преземени од надлежните органи и институции инволвирани во овој проект сметаме дека е постигнато задоволително ниво и дека се создаваат услови за навремена интервентна и квалитетна здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија.

Функционалната искористеност на опремата која е ставена во употреба е на високо ниво.
За стручниот кадар кој ракува со истата се обезбедуваат потребни обуки и дооусовршувања во земјата и странство, а за стручниот кадар за дел од медицинската опрема за кој е потребна специјализација подолг временски период, надлежните институции тековно ги следат состојбите и континуирано преземаат потребни активности.
Во исто време се преземаат потребните активности за завршување на потребните работни активности за создавање на услови за ставање во употреба на опремата која сеуште не е ставена во употреба.

**Препораки**

Со цел да се даде придонес со ревизијата на успешност за зголемување на ефективноста и ефикасноста од примената на медицинската опрема ги даваме следните препораки:

- Министерството за здравство да преземе соодветни мерки согласно потребите и можностите за кадровско доекипирање на секторите надлежни за планирање и утврдување приоритети за медицинска опрема по јавни здравствени установи, следење на реализација на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавената опрема.

- Министерството во соработка со надлежните институции да преземат потребни активности/овозможат навремено плаќање на обврските за набавената опрема согласно договорените услови и целосна испорака на договорената медицинска опрема.

- Министерството да продолжи со активностите за дообезбедување стручен кадар за дел од медицинската опрема за која е потребна специјализација подолг временски период.

- Министерство да продолжи со преземените мерки за следење на состојбата во ЈЗУ каде сеуште не се создадени услови за ставање во употреба на набавената опрема и обезбеди нејзино непречено користење.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор